# ЗНМ: ИТНА ИСТРАГА ЗА НАПАДОТ ВРЗ БОЖИНОВСКИ

Share
Tweet

Здружението на новинарите на Македонија и Советот за етика во медиумите на Македонија бараат итна реакција од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага во интерес на пронаоѓање и санкционирање на напаѓачот врз сопственикот на порталот "Буре весник" Зоран Божиновски.

Според објавите во медиумите, нападот се случил вчера вечер во Битола, пред неговата куќа и нанесени му се тешки телесни повреди од страна на две маскирани лица. Случајот е веќе пријавен во полиција.

Го осудуваме секој облик на физичко насилство и потенцираме дека физичкиот напад претставува кривично дело.

Апелираме МВР и ОЈО, итно да ги истражат и процесираат ваквите напади со цел да ги казнат оние кои го прекршуваат законот, но и да превенираат евентуални вакви кривични дела во иднина.

Администратор 26/10/2022 13:46

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ




**Да видиме дали грешките во учебникот по Историја се над 30%, па ќе заземеме став, вели Министерот Шаќири (/Home/PostDetails?PostId=517169)**

